**МАРИЈА ВРШКОВА** е родена во Битола каде го завршува основото и средното музичко образование. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност — Скопје со највисоката оцена на ниво на универзитет - "CUM LAUDA" во класата на проф. Т. Светиев каде ги завршува и магистерските студии по пијано.

Во текот на образованието добитник е на повеќе награди во рамките на поранешна Југославија ,а најзначајна меѓународна наградата е Трета награда на Меѓународниот натпревар за млади пијанисти во Рим — Италија.

Учествувала на бројни семинари по пијано и камерна музика, а неколку пати е единствен претставник на Македонија во Светскиот младински оркестар каде соработува со врвни диригенти и солисти.

Вршкова има посебен афинитет кон современата музика, совладувајќи ги најновите пијанистички техники. Реализирала преку 50 светски премиерни изведби на солистички и камерни дела, не само од македонски, туку и од странски автори.

Покрај неколкуте снимени цд-а со истакнатите Македонски уметници,Ана и Олег Кондратенко, Блерим Груби, Страшо Темков, во 2010-та година, таа го снима и своето прво солистичко цд, Македонска музика за пијано.

Како солист и и камерен музичар настапувала во Турција, Хрватска, Холандија, Германија, Полска, Велика Британија, Украина, Италија, Бугарија, Русија,Америка, Бугарија, Србија, Австрија, Англија,Грција...

Вршкова е дел од уметниците кои редовно настапуваат на реномираните фестивали во Македонија како , Охридско Лето, ДММ, Златна лира, Есенски музички свечености...

Како врв на уметничката дејност е наградата за специјално уметничко достигнување, добиена од страна на интернационалното жири,на интернационалниот натпревар Охридски бисер, 2009-та година, како и трите награди Виртуози, за музички изведувач, 2013-та година, Камерен состав 2015-та година и Камерен состав 2016-та година.

Марија Вршкова во моментот работи како доцент при ФМУ Скопје.

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**



# КОНЦЕРТ
# на
# КРИСТИНА СВЕТИЕВА
# и
# МАРИЈА ВРШКОВА
# ЗА ДВЕ ПИЈАНА

**26.11.2019 ВТОРНИК**

**КОНЦЕРТНА САЛА НА ФМУ - Скопје**

**ПОЧЕТОК 20.00 ч.**

## ПРОГРАМА

1. **Б. СВЕТИЕВ: „Fantasia in S“**

2. **Д. ШОСТАКОВИЧ: Свита за две пијана *)**
   - **ПРЕЛУДИУМ**
   - **ФАНТАСТИЧЕН ТАНЦ**
   - **НОКТУРНО**
   - **ФИНАЛЕ**

3. **Ф. ПУЛАНК: „ЕЛЕГИЈА“ за две пијана**

4. **Д. ШОСТАКОВИЧ: „КОНЧЕРТИНО“ за две пијана**

**(*премиерна изведба)**

**КРИСТИНА СВЕТИЕВА** се истакнува како една од македонските најталентирани млади пијанистки и развива широка концертна дејност. Пијано започнува да учи и да настапува на шест годишна возраст. Дипломира во 2006 год. (со „cum laude“) на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. Т. Светиев, а магистрира во 2008 год. (со „cum laude“) под менторство на проф. Жени Захариева. Во 2010 година ја завршува својата две годишна специјализација на реномираната музичка академија во Париз „Schola Cantorum“ под менторство на проф. Жени Захариева. Во април 2014 год. докторира на Факултетот за музичка уметност – Скопје, под менторство на Проф. Жени Захариева.

Кристина Светиева успешно настапува на подиумите низ Македонија ("Охридско Лето", "Скопско Лето", "Денови на Македонска Музика") и надвор од земјата (Турција, Италија, Франција, Бугарија, Шведска, Холандија, Хрватска, Чешка, САД).

Носител е на повеќе високи државни и меѓународни награди и признанија.

Меѓу бројните нејзини настапи како позначајни се издвојуваат нејзиното деби со Македонската Филхармонија на седумгодишна возраст, а потоа следуваат низа настапи со истиот оркестар. Забележителни се и настапите со оркестарот на Факултетот за Музичка Уметност, како и учеството на повеќе интернационални музички фестивали во Турција, Северен Кипар и Холандија. Исто така има остварено повеќе солистички рецитали во Скопје и низ Македонија , како и во странство, а посебно се истакнуваат нејзините солистички рецитали во Софија – Бугарија, Стокхолм – Шведска, Париз – Франција и концертот во Њујорк со реномираната првенка на МОБ, сопранот Весна Ѓиновска - Илкова.

Во 2018 г. Кристина Светиева издава носач на звук со француска музика за пијано четирирачно.

К. Светиева работи како вонреден професор по пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје.